# Споменикот на Карев по мерка на Велјаноски

## Спикерот смета дека Карев е значајна историска личност и заслужува споменик

На претседателот на парламентот, Трајко Велјаноски, му се допаѓа идејата за коњаничка скулптура на Никола Карев во зеленилото пред главниот влез на зградата на Собранието. Парламентарниот спикер смета дека претседателот на Крушевската Република има важно место во македонската историја и заслужува да добие споменик со импозантни димензии во дворот на Собранието. Велјаноски вчера на презентацијата на Годишниот извештај за работата на законодавниот дом, најнапред одбегна да ја коментира најавата за споменик на Карев, оградувајќи се дека тоа е во надлежност на Општина Центар, а потоа им рече на новинарите: „Карев е значајна историска личност и мислам дека не само мене, туку и вам ви се допаѓа“.

Шефот на парламентот, инаку, е задоволен од работата на институцијата со која раководи. Не го обесхрабрува тоа што Собранието не може никако да ја поправи двојката што ја добива од граѓаните при сондажите на јавното мислење. И во последната анкета парламентот беше оценет со „два плус“ - 2,59. „Задоволен сум од соработката со сите парламентарни групи. Не треба да имаме илузии дека Собранието ќе има поголема оцена од Владата и од другите државни институции“, рече Велјаноски, додавајќи дека и парламентите во другите земји не биле многу популарни кај народот.

Собранието во минатата година одржало вкупно 47 седници, од кои десет биле за пратенички прашања. Минатата година биле донесени 191 закон, а 51 од нив биле со



Вака ќе изгледа скулптурата на претседателот на Крушевската Република

европското знаменце. За разлика од 2008 година, законите, главно, се носени во редовна постапка - 131, во скратена - 20 и само еден по итна постапка. Парламентот минатата година усвоил и 39 меѓународни договори.

На забелешката дека пратениците не се истакнуваат со предлагање закони, туку се потпираат на предлозите од Владата, Велјаноски одговори дека во моментот нема податок колку закони иницирале пратениците, но знае дека за седницата планирана за средината на месецот имало шест предлози на пратеници. „И што ќе биде ако пратениците само предлагаат закони, што ќе прави Владата“, праша спикерот.

Велјаноски не сака да се меша во работата на Уставен суд, но апелираше за иницијативите да се произнесуваат побрзо, особено кога станува збор за закони со специфична тежина. Во врска со бојкотот на пратеничката група на ДПА, тој рече дека во неколку наврати телефонски разговарал со шефот на пратеничката група за да се вратат во парламентот, но додаде дека, сепак, станува збор за партиски став. **(О.В.)**